‚Најлошиот човек кој краде е оној што го краде својот намаз.‘ Му беше речено: ‚А како го краде својот намаз?‘ Рече: ‚Не го извршува целосно неговиот руку и неговата сеџда.‘“

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, вели: ‚Најлошиот човек кој краде е оној што го краде својот намаз.‘ Му беше речено: ‚А како го краде својот намаз?‘ Рече: ‚Не го извршува целосно неговиот руку и неговата сеџда.‘“

[صحيح] [رواه ابن حبان]

Пратеникот појасни дека најгрдиот облик на кражба е кога човекот краде од својот намаз. Тоа е така бидејќи кога некој краде од имотот на друг, можеби ќе има некаква корист од тоа на дуњалукот, но овој човек краде од самиот себе — се лишува самиот себе од наградата и добрината на делото. Го прашале: „О Аллахов Пратенику, а како краде од својот намаз?“ Рече: „Не извршува целосно поклонот-руку и сеџда“ — односно се брза на руку и на сеџда, па не ги извршува како што треба, со смиреност и потполност.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65100